Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 24.08.2020

На 24.08.2020 во 02.,30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Цветан Димов" го лишиле од слобода А.Б.(27) од Велес затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.08.2020 околу 20.15 часот во тетовска Вратница, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода И.А.(58), Љ.А.(26), А.Х.(29) и Б.А.(25), сите од тетовско Горно Орашје, затоа што при нивен и преглед на возилото „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, биле пронајдени марихуана и ризла. Тие биле приведени во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.08.2020 околу 20.50 часот во близина на место викано „Маздрачка каптажа" полициски службеници затекнале патничко возило „уаз" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од З.И.(40) од Гостивар. При преглед на возилото била пронајдена една ловна пушка и 25 куршуми со кал.16мм. Во разговор со совозачот Ј.Н.(66) од Гостивар, тој изјавил предметите се негова сопственост и за нив не поседува документи. Тој бил лишен од слобода, а пушката и куршумите биле одземени. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2020 во 17.00 часот во СВР Охрид бил приведен И.А.(32) од Поградец-Р.Албанија поради сомнение за сторени кривични дела „кражба" по член 235 став 1 од Кривичнипот законик. Во текот на денот И.А. ќе биде спроведен до Основен суд Охрид.

На 23.08.2020 во 07.45 часот на магистралниот пат Кичево-Охрид, кај с.Песочан, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Х.Б.(57) од с.Пороја, тетовско, патничко возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б. М.(22) од Скопје и патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(29) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила сопатничката во возилото „бмв", Х.Х.(53) од Тетово, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Со тешки телесни повреди се здобиле и возачот на возилото „бмв" и сопатничката во истото возило, Х.Б.(24) од Тетово, кои биле пренесени во болницата „Св.Еразмо" за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 23.08.2020 околу 18.10 часот на ул.„Димо Наредникот"во Прилеп, мопед управуван од засега непознат возач удрил во пешакот А.А.(18) од Прилеп и го напуштил местото. Од ударот А.А. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Прилеп. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп. ,

На 23.08.2020 во 19.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Г.К.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Крсте Асенов" била касната од куче скитник.

Во текот на 21, 22 и 23.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се 18 возила бидејќи биле нерегистрирани, 20 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, 16 возачи управувале возила под дејство на алкохол, 14 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци и 61 возило е подигнато со специјално возило „пајак".

На 23.08.2020 во 22.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Борис Трајковски" настанал пожар во патничко возило „фолксваген пасат", кое било во движење, а управувано од Е.Д.(43) од с.Моране. Пожарот бил целосно изгаснат во 23.00 часот од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица нема.

На 23.08.2020 во 11.50 часот во Полициската станица Центар, Ш.М.(76) од Скопје пријавил дека на ул.„Народен фронт" бил каснат од куче-домашен миленик. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 20.34 часот во Полициската станица Драчево, М.Б.(27) од с.Батинци, скопско, пријавил дека околу 16.20 часот, на патот кон с.Батинци едно лице му се закануувало со пиштол, поради недоразбирање во сообраќајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 22.25 часот , полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода Т.С. поради тоа што физички ја нападнал соседката Ф.К.(75) и со тврд предмет и скршил прозорци од куќата. Тој бил приведен и задржан во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.08.2020 во 21.00 часот, 43-годишен маж од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот во неговиот дом дошол О.Е., по што меѓу нив настанала расправија за едногодишното дете, кое О.Е. вонбрачно го има со 18-годишната ќерка на пријавителот. Според пријавеното, О.Е го земал бебето и заминал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2020 во 03.24 часот во СВР Скопје, Н.Т.(30) од Скопје пријавил дека во трговски центар во Скопје три лица физички го нападнале и му нанеле убодна рана, а физички ја нападнале и Р.Ц.П.(30) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 23.00 часот, С.Р.(47) од Скопје пријавил дека на крстосница од бул.„Гоце Делчев" со бул.„Крсте Мисирков" бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 08.00 часот, К.Ј.(22) од Скопје, пријавил дека истиот ден околу 04.00 часот во казино на ул.„Филип Втори", додека бил на своето работно место како обезбедување, бил физички нападнат од четири лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 08.00 часот било пријавено дека во с.Петровец, покрај автопатот Скопје-Велес, бил пронајден С.П.(84) од с.Петровец, за кој на 22.08.2020 било пријавено дека се оддалечил од домот. Тој бил со повреди на лицето и телото, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2020 во 04.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет на ул.„Кемал Сејфула" неколку лица со употреба на сила влегле и одзеле метална каса со пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2020 во 06.40 часот, полициски службеници од Полициско одделение Матејче, презеле мерки за пронаоѓање на Ф.Ќ. во неговиот дом во с.Ваксинце бидејќи имало распишано потерница за негово апсење за издржување казна затвор. Тој не бил пронајден дома, но во помошните простории во неговиот дом, при преглед биле пронајдени 44 лица мигранти(25 од Пакистан, 14 од Авганистан, три од Бангладеш и две од Сомалија. 16 од пронајдените мигранти се малолетни лица. Бил извршен увид и за настанот бил известен и јавен обвинител, по чија наредба мигрантите се пренесени во Транзитниот центар „Виојуг" – Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Д.Д.(34) од струшкото село Лабуништа, со живеалиште во Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Тој, на 23.04.2020, иако му било издадено решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за изолација, бил забележан во аптека во Струга.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ж.Р.(30) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Тој, на 27.07.2020 одзел картичка, сопственост на Н.Р. од Скопје и на повеќе терминали во Охрид неовластено извршил 19 трансакции и на тој начин се стекнал со противправна имотна корист во износ од 73.500 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Р.В.(66) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствије". На 06.08.2020 во Кочани, на авто такси постојка кај градскиот пазар, пријавениот се однесувал агресивно кон инспектор за патен сообраќај во општина Кочани, кој извршувал службени зад

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет